Република Северна Македонија
Министерство за финансии

К-4-2025

# КВАРТАЛЕН ЕКОНОМСКИ ИЗВЕШТАЈ

## - четврт квартал 2025 година -


## Резиме

- **Економската активност** во четвртиот квартал на 2025 година забележа реален раст од 3,8%, додека во 2025 година вкупниот раст достигна 3,5%. Растот беше поттикнат од позитивниот придонес на нето-извозот и потрошувачката, додека бруто-инвестициите остварија негативен придонес поради високата споредбена основа. Од производна страна, растот беше движен од услугите, градежништвото и индустријата;
- **Бројот на вработени** во К-4-2025 е повисок за 1,3% во однос на истиот квартал од 2024 година. **Бројот на невработени** во К-4-2025 се намали за 3,6%, што резултираше со намалување на **стапката на невработеност** на 11,4%;
- Просечната **нето-плата** во К-4-2025 изнесува 46.265 денари и бележи раст од 8,7% на номинална основа, односно 4,3% на реална основа споредено со нето-платата во К-4-2024;
- Во К-4-2025, вкупните **буџетски приходи** се повисоки за 11,0%, а вкупните буџетски расходи се пониски за 0,4% споредено со истиот квартал од 2024 година;
- **Стапката на инфлација** во К-4-2025 изнесува 4,2% на годишна основа;
- Вкупниот **депозитен потенцијал** на банките во К-4-2025 се зголеми за 5,2% на квартална основа;
- Во К-4-2025 е забележан раст на **извозот на стоки** за 5,7%, додека **увозот на стоки** забележа раст од 6,1% на годишна основа, со што вкупната **надворешнотрговска размена** изразена во евра забележа раст од 5,9%;

## Содржина:

1. Економска активност........3
2. Пазар на работна сила........7
3. Јавни финансии........8
3.1. Буџетски приходи според економската класификација........8
3.2. Буџетски расходи според економската класификација........9
3.3. Расходи по буџетски корисници........10
3.4. Буџетски дефицит и државен долг........12
4. Инфлација и монетарни движења........12
5. Надворешен сектор........15
5.1. Надворешнотрговска размена........15
5.2. Платен биланс........16


Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 591
www.finance.gov.mk
МФРСМ.Ф.8.5/9-5
издание 5

# 1. Економска активност

**Економската активност** во четвртиот квартал од 2025 година, во споредба со истиот период од 2024 година, забележа реален раст од 3,8%, додека вкупниот раст во 2025 година достигна 3,5%, што е во согласност со проекцијата на Министерството за финансии. Во споредба со претходниот квартал, сезонски и календарски прилагодените податоци покажуваат раст од 0,9%.

Анализирано според производната страна на БДП, економскиот раст беше предводен од услужниот сектор, со значителен придонес од градежништвото и индустријата.

**Услужниот сектор** регистрираше реален раст од 3,5%, при што сите дејности остварија позитивен придонес кон растот. Најголем придонес имаа Трговија, транспорт и угостителство (4,4%), Стручни, научни и технички дејности (8,1%) и Дејности во врска со недвижен имот (2,7%). Позитивни остварувања се забележани и во другите дејности: Уметност, забава и рекреација (3,2%), Информации и комуникации (2,4%), Јавна управа, одбрана, образование и здравство (2,0%) и Финансиски и дејности на осигурување (1,8%).

**Градежништвото** го продолжи трендот на силна динамика, остварувајќи двоцифрен раст од 14,6%, кој во главно се должи на интензивирањето на изградбата на коридорите 8 и 10д. Растот беше предводен од сегментот нискоградба, кој како главен двигател на секторот забележа зголемување од 12,5% на реална основа. Дополнително, сегментот на специјализирани градежни работи оствари исклучителен пораст и се зголеми речиси пет пати во споредба со истиот квартал од претходната година, додека високоградбата регистрираше пад од 3,7%.

**Индустрискиот сектор** забележа раст од 2,5%, предводен од зголеменото производство во преработувачката индустрија, кое се зголеми за 3,7%. Согласно високофреквентните податоци, најголем придонес кон растот на преработувачката индустрија во К-4-2025 имаа следните гранки: Производство на производи од гума и пластични маси (раст 89,2%, придонес 2,7 п.п.), Производство на тутунски производи (раст 9,4%, придонес 1,1 п.п.) и Производство на други неметални минерални производи (раст 17,3%, придонес 0,6 п.п.). Секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација забележа раст од 4,7%, додека секторот Рударство и вадење камен оствари намалување од 3,8%.

Графикон 1.1. Индустриски сектор
*(годишна стапка на раст)*




Извор: Државен завод за статистика

**Земјоделството** забележа минимален пад од 0,4%, по растот од 4,0% во претходниот квартал, со што се прекина позитивниот тренд кој започна во вториот квартал на 2024 година.

Табела 1.1: БДП и компоненти по производен метод – годишни стапки на раст (%) и придонеси во растот на БДП (п.п.)

| Сектори | реален раст (%) | | | | | придонес во раст (п.п.) | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | К1 2025 | К2 2025 | К3 2025 | К4 2025 | 2025 | К1 2025 | К2 2025 | К3 2025 | К4 2025 | 2025 |
| Бруто-домашен производ | 2,9 | 3,5 | 3,8 | 3,8 | 3,5 | | | | | |
| Земјоделство | 1,0 | 1,8 | 4,0 | -0,4 | 1,8 | 0,1 | 0,1 | 0,3 | 0,0 | 0,1 |
| Индустрија | 2,4 | 3,8 | 1,3 | 2,5 | 2,5 | 0,4 | 0,6 | 0,2 | 0,5 | 0,4 |
| Преработувачка индустрија | 4,1 | 4,3 | 2,5 | 3,7 | 3,6 | 0,6 | 0,6 | 0,4 | 0,6 | 0,5 |
| Градежништво | 7,2 | 7,2 | 21,0 | 14,6 | 13,7 | 0,3 | 0,4 | 1,3 | 1,3 | 0,9 |
| Услужен сектор | 2,6 | 2,9 | 2,9 | 3,5 | 3,0 | 1,6 | 1,7 | 1,6 | 1,8 | 1,7 |
| Трговија, транспорт и угостителство | 3,2 | 6,0 | 2,6 | 4,4 | 4,1 | 0,6 | 1,1 | 0,5 | 0,7 | 0,7 |
| Информации и комуникации | 4,5 | 3,6 | 7,4 | 2,4 | 4,5 | 0,2 | 0,2 | 0,4 | 0,1 | 0,2 |
| Финансиски и дејности за осигурување | -2,0 | 1,3 | 0,2 | 1,8 | 0,3 | -0,1 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 |
| Дејности во врска со недвижен имот | 1,4 | 1,9 | 2,0 | 2,7 | 2,0 | 0,2 | 0,2 | 0,2 | 0,3 | 0,2 |
| Стручни, научни и технички дејности | 7,2 | 3,6 | 6,1 | 8,1 | 6,2 | 0,4 | 0,2 | 0,3 | 0,3 | 0,3 |
| Јавна управа, одбрана, образование и здравство | 0,7 | 0,3 | 1,3 | 2,0 | 1,1 | 0,1 | 0,0 | 0,2 | 0,2 | 0,1 |
| Уметност, забава и рекреација | 2,8 | -4,2 | -1,6 | 3,2 | 0,0 | 0,1 | -0,1 | 0,0 | 0,1 | 0,0 |
| Нето-даноци на производи | 2,9 | 4,1 | 4,5 | 3,3 | | 0,3 | 0,6 | 0,6 | 0,5 | 0,5 |
| *Резидуал* | | | | | | 0,1 | 0,1 | -0,2 | -0,2 | -0,1 |

Извор: Државен завод за статистика (соопштение за БДП за К-4-2025) и пресметки на МФ

Растот на економската активност во четвртиот квартал од 2025 година, според расходната страна на БДП, беше поттикнат од позитивниот придонес на нето-извозот и потрошувачката.

Графикон 1.2. Придонес во економскиот раст по компоненти *(процентни поени)*




Извор: Државен завод за статистика и пресметки на МФ

**Извозот на стоки и услуги** забележа значителен раст од 9,7%, што претставува највисок квартален раст во текот на годината. Најголем придонес кон растот имаа машините и транспортни уреди (8,5%), како и хемиските производи (8,8%). **Увозот на стоки и услуги** се зголеми за 3,3%, при што, поради побрзиот раст на извозот во однос на увозот, нето-извозот оствари позитивен придонес кон економскиот раст.

**Финалната потрошувачка** регистрираше реален раст од 2,8%, при што **личната потрошувачка** се зголеми за 2,0%, а **јавната** за 6,4%. Растот на личната потрошувачка се должи на зголемениот расположлив доход на

домаќинствата, поддржан од растот на вработеноста, платите и пензиите, како и од зголеменото кредитирање на домаќинствата. Наплатата на ДДВ и трговијата на мало забележаа зголемување од 13,1% и 2,2%, соодветно, упатувајќи на натамошно зајакнување на приватната потрошувачка.

Графикон 1.3. Инвестиции и градежна активност
*(годишна стапка на раст)*




Извор: Државен завод за статистика

**Бруто-инвестициите** забележаа пад од 3,0%, пред сè поради базниот ефект, односно високата споредбена основа во истиот период претходната година, кога инвестициите регистрираа раст од 23,7%.

Табела 1.2: БДП и компоненти по расходен метод – годишни стапки на раст (%) и придонеси во растот на БДП (п.п.)

| Компоненти | реален раст (%) | | | | | придонес во раст (п.п.) | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | К1 2025 | К2 2025 | К3 2025 | К4 2025 | 2025 | К1 2025 | К2 2025 | К3 2025 | К4 2025 | 2025 |
| Бруто-домашен производ | 2,9 | 3,5 | 3,8 | 3,8 | 3,5 | | | | | |
| Финална потрошувачка | 3,2 | 3,2 | 1,8 | 2,8 | 2,7 | 2,7 | 2,7 | 1,5 | 2,2 | 2,4 |
| Приватна | 2,6 | 3,1 | 0,9 | 2,0 | 2,1 | 1,8 | 2,1 | 0,6 | 1,3 | 1,5 |
| Јавна | 5,7 | 3,5 | 5,7 | 6,4 | 5,3 | 0,9 | 0,6 | 0,8 | 1,0 | 0,9 |
| Бруто-инвестиции | 9,2 | 5,4 | 30,6 | -3,0 | 8,0 | 2,8 | 1,6 | 7,6 | -1,1 | 2,6 |
| Извоз на стоки и услуги | 2,8 | 8,5 | 3,4 | 9,7 | 6,1 | 1,9 | 5,4 | 2,1 | 5,3 | 4,0 |
| Увоз на стоки и услуги | 5,7 | 8,1 | 9,9 | 3,3 | 6,7 | 4,7 | 6,3 | 6,9 | 2,4 | 5,3 |
| Нето-извоз | | | | | | -2,8 | -0,8 | -4,8 | 3,0 | -1,3 |
| *Резидуал* | | | | | | 0,2 | 0,1 | -0,5 | -0,3 | -0,2 |

Извор: Државен завод за статистика (соопштение за БДП за К-4-2025) и пресметки на МФ

Графикон 1.4. Реални годишни стапки на раст на БДП
за К4 2025 во ЕУ и регионот, во %




Извор: Евростат и национални заводи за статистика
* Податоците за Западен Балкан (6) се однесуваат на следните земји: Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, С. Македонија, Србија и Црна Гора.

## 2. Пазар на работна сила

### Вработеност

Според Анкетата на работна сила, **бројот на вработени лица** во К-4-2025 е зголемен за 1,3%, односно за 9,0 илјади лица во однос на истиот квартал од 2024 година. Најголем раст на вработеноста се забележува во секторот Трговија (5,2 илјади лица или 5,0%), а значителен раст забележаа и секторите Административни и помошни услужни дејности (3,9 илјади лица или 22,0%), Стручни, научни и технички дејности (3,9 илјади лица или 19,6%) и Објекти за сместување и сервисни дејности со храна (2,9 илјади лица или 10,9%). Од друга страна, пак, пад на вработеноста забележа Преработувачката индустрија (3,1% или 4,4 илјади лица) и Финансиските дејности (23,8% или 4,1 илјади лица).

Од вкупниот број вработени, 543.990 лица се вработени во субјекти во приватна сопственост (76,7% од вкупно вработените), додека 165.533 лица се вработени во субјекти од мешовита, задружна или државна сопственост (23,3% од вкупно вработените).

**Стапката на вработеност** во К-4-2025 изнесува 46,8% и во однос на истиот квартал од 2024 година е зголемена за 0,6 п.п..

### Невработеност

**Бројот на невработени** е намален за 3,4 илјади лица, односно за 3,6% во однос на истиот квартал од 2024 година.

**Стапката на невработеност** во К-4-2025 изнесува 11,4%, односно е за 0,5 п.п. пониска во споредба со истиот квартал од 2024 година, а во однос на претходниот квартал е намалена за 0,1% (Графикон 2.1).

Графикон 2.1 Пазар на труд




Извор: Државен завод за статистика

Стапката на невработеност во категоријата 15 - 64 години изнесува 11,6%, додека кај младите (возрасна група од 15 до 29 години) изнесува 23,4%. Во однос на К-4-2024 година, стапката во категоријата 15 – 64 е намалена за 0,4 п.п., додека стапката во категоријата 15 – 29 е намалена за 0,5 п.п.. Според половата структура, стапката на невработеност кај женското население е зголемена за 0,6 п.п. и изнесува 11,4%, што е идентично со невработеноста кај мажите, којашто е намалена за 1,4 п.п..

### Активно население

Бројот на **активно население** е зголемен за 0,7%, односно за 5,6 илјади лица на годишна основа. Активното население во К-4-2025 сочинува 52,8% од вкупното работоспособно население, што претставува зголемување за 0,3 п.п.


Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 591
www.finance.gov.mk
МФРСМ.Ф.8.5/9-5
издание 5

во споредба со истиот квартал од 2024 година.

## Плати

Просечната месечна **нето-плата** во К-4-2025 изнесува 46.265 денари и е повисока за 8,7% на номинална основа споредено со истиот квартал од 2024 година, а на реална основа е зголемена за 4,3% (Графикон 2.2).

Највисока нето-плата во К-4-2025 е исплатена во секторот Информации и комуникации (85.117 денари), по што следуваат Финансиски дејности и дејности за осигурување со 62.877 денари, Рударство и вадење камен со 57.499 денари и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација со 56.452 денари.

Графикон 2.2. Просечна нето-плата
*(годишна стапка на раст)*




Извор: Државен завод за статистика

# 3. Јавни финансии

## 3.1. Буџетски приходи според економската класификација

**Вкупните буџетски приходи** во К-4-2025 учествуваат со 31,0% во кварталниот БДП и се повисоки за 11,0% споредено со четвртиот квартал од 2024 година, а притоа даноците бележат раст за 12,1%, придонесите за 8,4%, а неданочните приходи се пониски за 4,6%. Кај даночните приходи повисока наплата е забележана кај сите приходи, и тоа по основ на данокот на личен доход, данокот на добивка, ДДВ, акцизите, увозните давачки и другите даночни приходи.

Графикон 3.1. Приходи и расходи во К4
*(% од номинален квартален БДП)*




Извор: Министерство за финансии

Наплатата на индиректните даноци во К-4-2025 во споредба со К-4-2024 е зголемена за 11,5%, а на директните даноци за 12,8%. Гледано од аспект на структурното учество во БДП, учеството на приходите од директни даноци изнесува 5,3% во К-4-2025 и бележи зголемување за 0,2 п.п. во однос на учеството во кварталниот БДП во К-4-2024 кога изнесуваше 5,1%. Учеството на приходите од индиректни даноци во

БДП за К-4-2025 изнесува 12,4% и е повисоко за 0,3 п.п. во однос на К-4-2024 кога изнесуваше 12,1%.

Кај **индиректните даноци** доминираат приходите од ДДВ, кои претставуваат 47,6% од вкупните даночни приходи во К-4-2025 и бележат раст од 13,1% споредено со истиот квартал претходната година. Во структурата на данокот на додадена вредност најголемо е учеството на ДДВ при увоз, по што следи ДДВ од прометот во земјата. Споредено со истиот квартал претходната година, приходите од акцизи се повисоки за 5,6%, а приходите од царински давачки за 14,0%.

Графикон 3.2. Остварувања на буџетските приходи во К4 2025 (во мил. денари)




Извор: Министерство за финансии

Во рамки на **директните даноци**, данокот на личен доход забележа зголемување за 10,6%, а приходите од данокот на добивка за 17,5% во однос на истиот квартал претходната година.

Наплатата на **социјалните придонеси** е повисока за 8,4%, така што зголемување на наплатата е забележано кај сите придонеси, односно кај придонесите за пензиско и инвалидско осигурување за 8,4%, кај придонесите за вработување за 8,5%, и кај придонесите за здравствено осигурување за 8,4%.

Во К-4-2025, **неданочните приходи**, кои претставуваат 1,4% од кварталниот БДП, беа реализирани за 4,6% помалку во однос на истиот квартал од 2024 година.

Во К-4-2025, **капиталните приходи** во кои спаѓаат приходите од закуп на градежно земјиште, продажба на станови и приходи од дивиденди беа пониски за 39,2% на годишна основа. Приходите по основ на **донации од странство** се повисоки за 94,2% во споредба со истиот квартал од 2024 година.

## 3.2. Буџетски расходи според економската класификација

**Вкупните буџетски расходи** во К-4-2025, со учество од 33,5% во кварталниот БДП, се пониски за 0,4% споредено со истиот квартал од 2024 година.

**Тековните расходи**, кои претставуваат 30,8% од кварталниот БДП, учествуваат со 91,9% во вкупните расходи и тие беа реализирани за 3,3% повеќе на годишна основа. Во рамки на тековните расходи, расходите за плати и надоместоци забележаа зголемување за 9,9%, а расходите за стоки и услуги се намалени за 6,0% во однос на истиот квартал претходната година.

Средствата за трансфери, кои учествуваат со 68,2% во вкупните расходи, беа реализирани за 2,3% повеќе на годишна основа. Социјалните трансфери забележаа раст од 12,6% и учествуваа со 51,5% во вкупните расходи.

Расходите за пензии, коишто сочинуваат најголем дел од социјалните трансфери, се зголемија за 17,6% и забележаа учество од 32,4% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, во која спаѓаат и трансферите кон единиците на локалната самоуправа, изнесува 15,4% во вкупните расходи и забележа намалување за 22,7% во однос на четвртиот квартал од 2024 година. Споредено со К-4-2024, блок и наменските дотации кон единиците за локална самоуправа забележаа зголемување за 2,3%, а субвенциите и трансферите се намалени за 43,6%.

Расходите за каматни плаќања се зголемени за 19,8% на годишна основа, така што расходите по камати на домашен долг забележаа зголемување за 25,4%, а каматните расходи по надворешен долг за 11,5%.

Графикон 3.3. Остварувања на буџетските расходи во К4 2025 (во мил. денари)




Извор: Министерство за финансии

**Реализацијата на капиталните расходи** во К-4-2025 претставува 2,7% од кварталниот БДП, а нивното учество во вкупните расходи изнесува 8,1%.

## 3.3. Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници.

Во К-4-2025 година, **Министерството за социјална политика, демографија и млади** реализира 15.814 милиони денари или 21,0% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (63,2%) од расходите се наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што се потрошени 9.987 милиони денари или 18,7% од средствата наменети за 2025 година. Втора најзначајна расходна ставка е социјални бенефиции, којашто учествува со 23,5% во вкупните расходи и за оваа намена беа реализирани 25,4% (3.721 милион денари) од планираните за 2025 година.

Во анализираниот период, **Министерството за образование и наука** изврши буџетски средства во износ од 11.933 милиони денари или 26,5% од вкупниот буџет за 2025 година. Најголем дел од расходите (53,2%) се тековни трансфери до ЕЛС, за што беа потрошени 6.343 милиони денари или

Графикон 3.4. Структура на расходи по буџетски корисници во К-4-2025 *(во %)*




Извор: Министерство за финансии

25,9% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци е втора најзначајна ставка со учество од 22,4%, за што беа потрошени 2.674 милиони денари, односно 27,1% од вкупно предвидените.

Во К-4-2025 година, **Владата на Република Северна Македонија** реализира вкупно 2.202 милиона денари, односно 48,9% од планираните средства за 2025 година. Притоа, ставката субвенции и трансфери учествува со 60,1% во вкупните расходи на овој буџетски корисник, а реализирани се 1.324 милиони денари (53,2% од предвидените средства).

Во анализираниот период, **Министерството за внатрешни работи** реализира вкупно 4.049 милиони денари, што претставува 24,5% од сопствениот буџет за 2025 година. Најзначајна расходна ставка е плати и надоместоци со учество од 72,9%, за што се потрошени 2.950 милиони денари или 27,2% од планираното. Втора најзначајна ставка е Стоки и услуги со учество од 12,8% и за таа намена беа реализирани 519 милиони денари или 19,0% од годишниот план.

Во К-4-2025 година, **Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР)** реализира 781 милион денари што претставува 9,7% од планираните средства за тековната година. Реализацијата на субвенции и трансфери, ставка којашто учествува со 90,1% во вкупните расходи, изнесува 9,7% од планираните средства за цела година, односно 704 милиони денари.

Во периодот К-4-2025 година, **Министерството за здравство** изврши буџетски средства во износ од 2.288 милиони денари или 26,9% од вкупниот буџет за 2025 година. Тековни трансфери до вонбуџетските фондови има најголемо учество во расходите со 47,1%, за што се потрошени 1.079 милиони денари или 26,5% од средствата наменети за 2025 година. Втора најзначајна ставка е стоки и услуги со реализација од 959 милиони денари (26,3% од планираното за годината) и учество од 41,9% во вкупните расходи.

Во овој период **Министерството за одбрана** реализира 3.698 милиони денари, што е 18,1% од вкупниот буџет за оваа година. Плати и надоместоци има најголемо учество во расходите со 47,6%, па за таа намена реализацијата изнесува 1.758 милиони денари (27,2% од вкупно предвидените средства за тековната година). Стоки и услуги учествува со 27,6% во вкупните расходи и за оваа ставка беа потрошени 1.021 милион денари, односно 25,5% од вкупно предвидените.

Во К-4-2025 година, **Министерството за транспорт** реализира средства во износ од 3.776 милиони денари, што е 22,5% од вкупниот буџет за тековната година. Реализацијата на капиталните расходи, како главна ставка, изнесува 93,0% од вкупните реализирани средства на овој буџетски корисник (3.512 милиони денари или 22,6% од вкупно планираните средства).

Во анализираниот период, **Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство**

реализира средства во износ од 528 милиони денари, што претставува 27,0% од предвидените за 2025 година. Плати и надоместоци (223 милиони денари) е најзначајна ставка во вкупните расходи на овој буџетски корисник со учество од 42,2%, а притоа беа реализирани 25,8% од предвидените средства. По основ на капитални расходи отпаѓаат 27,4% од вкупните расходи и за оваа ставка беа потрошени 145 милиони денари или 25,6% од вкупниот буџет за оваа намена.

Во овој период, **Управата за јавни приходи** реализира 1.254 милиони денари, што е 24,6% од вкупниот буџет за тековната година. Реализацијата на субвенции и трансфери, како главна ставка, изнесува 75,2% од предвиденото за цела година (942 милиони денари).

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог достапен на следната врска (*http://finance.gov.mk/квартален-економски-извештај/*).

## 3.4. Буџетски дефицит и државен долг

Во четвртиот квартал од 2025 година, **дефицитот на консолидираниот Буџет** изнесува 7.438 милиони денари или 2,5% од БДП за овој квартал, а дефицитот на Централниот буџет изнесува 3.818 милиони денари, односно 1,3% од кварталниот БДП.

Вкупниот **државен долг** на крајот на К-4-2025 изнесува 51,6% од БДП и бележи зголемување на своето учество во БДП во однос на К-3-2025. Учеството на надворешниот долг во вкупниот државен долг во однос на К-3-2025 е намалено за 1,7 п.п. и изнесува 50,1%, а учеството на внатрешниот долг е соодветно зголемено и изнесува 49,9% од вкупниот државен долг.

Графикон 3.5. Државен долг и негова структура




Извор: Министерство за финансии

# 4. Инфлација и монетарни движења

**Стапката на инфлација** во К-4-2025, мерена според Индексот на трошоци на живот, изнесува 4,2%. Инфлацијата регистрираше умерено забавување од 0,2 п.п. во споредба со претходниот квартал (4,4% во К-3-2025).

Во четвртиот квартал од 2025 година, има забавен раст на базичната инфлација, иако истата најмногу придонесува во вкупната инфлација. Прехранбената компонента продолжи да има висок придонес и истата умерено забрза.

Базичната инфлација регистрираше забавување, односно се намали за 0,8 п.п. во споредба со К-3-2025 и изнесува 4,4% (5,2% во К-3-2025). Базичната инфлација забави како раст на падот на цените на воздушниот сообраќај, а е под влијание на цените на кафето, тутунот и угостителските услуги. Цените енергијата бележат умерен раст, додека цените на нафтените деривати се движат по надолен тренд.

Графикон 4.1. Годишна стапка на инфлација




Извор: Државен завод за статистика

Гледано по категории, во К-4-2025 растот на цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци забележа незначително забрзување и изнесува 5,9% (5,8% во претходниот квартал). Цените на храната е резултат на нагорно придвижување на сите поткатегории, со поизразен раст на цените на месото и јајцата.

Раст на потрошувачките цени во К-4-2025 се забележува и во следните категории: Рекреација и култура за 7,1%, Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици за 5,8%, Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина за 5,5%, Ресторани и хотели за 4,8%, Разновидни стоки и услуги за 3,1%, Облека и обувки за 2,6%, Здравствена заштита за 2,4%, Домување, вода, електрика, гас и други горива и Комуникации за по 1,9%. Цените во категоријата Образование се намалија за 0,3%.

Во К-4-2025, цените на мало регистрираа забавување на растот и изнесуваат 3,2%.

Во четвртиот квартал оваа година, Народната банка Народната банка воведе нова оперативна монетарна рамка, од декември 2025 година, при што основен инструмент стана 7-дневните благајнички записи со каматна стапка од 4%, наместо претходниот инструмент со рок на доспевање од 7 недели и каматна стапка од 5,35%. Со новата рамка, банките добија можност да ги пласираат своите вишоци на ликвидност кај Народната банка на седум дена по утврдена каматна стапка, во рамки на јасно дефиниран каматен коридор за краткорочните операции. Ова овозможува појасна насока за движењето на каматните стапки, подобра монетарна трансмисија и придонесува кон одржување на стабилноста на финансискиот систем

**Примарните пари**[1] забележаа раст на квартална основа од 6,4% (во претходниот квартал е забележан пад од 1,2%), како резултат на зголемувањето на вкупните ликвидни средства за 7,2%, додека готовите пари во оптек се зголемија за 5,5%.

[1] Ги вклучува готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајната на банките), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

Во четвртиот квартал годинава споредено со К-4-2024, примарните пари се зголемија за 8,8% (во К-3-2025 е забележан раст од 7,2%), како резултат на растот на вкупните ликвидни средства и готовите пари во оптек за 6,8% и 10,8%, соодветно.

Во К-4-2025, најтесната парична маса М1[2] забележа раст од 7,4% во однос на претходниот квартал. На квартална основа, монетарниот агрегат М2 се зголеми за 6,0%, а најширокиот монетарен агрегат М4 се зголеми за 4,9%.

Вкупниот **депозитен потенцијал**[3] на банките во К-4-2025 се зголеми за 5,2% на квартална основа, по растот од 2,3% во претходниот квартал. Анализирано по сектори, депозитите на претпријатијата се зголемија за 5,3%, додека депозитите на домаќинствата се зголемија за 5,2%. Од аспект на валутата, споредено со претходниот квартал, денарските и девизните депозити се зголемија за 7,0% и 2,3%.

Степенот на евроизација е зголемен за 1,1 п.п. во споредба со претходниот квартал и изнесува 38,5%, мерено преку учеството на девизните депозити во вкупниот депозитен потенцијал.

Според рочноста, учеството на долгорочните депозити во вкупниот депозитен потенцијал во К-4-2025 се намали за 0,9 п.п. споредено со претходниот квартал и тоа изнесува 23,9% (во К-3-2025 изнесуваше 24,8%). Во анализираниот период, краткорочните депозити се зголемија за 4,2% на квартална основа.

**Кредитната активност** на банките во К-4-2025 се зголеми за 4,9% на квартална основа (во претходниот квартал кредитите се зголемија за 1,9%), во услови на раст на кредитите кон претпријатијата за 7,1% и на кредитите кон домаќинствата за 2,9%. Од валутен аспект, во К-4-2025 денарските кредити се зголемија за 6,6% и девизните кредити регистрираа раст од 1,8%.

Графикон 4.2. Кредити и кредитен раст и М4




Извор: Народна банка на Република Северна Македонија

Според рочноста, долгорочните кредити бележат раст од 4,5% во однос на претходниот квартал, а краткорочните кредити се зголемија за 9,4%.

**Каматната стапка**[4] на денарските кредити во К-4-2025 изнесува 5,17% и таа е намалена за 0,12 п.п. во споредба со претходниот квартал. Каматната стапка на девизните кредити во К-4-2025

[2] Монетарниот агрегат М1 го сочинуваат готовите пари во оптек и депозитните пари. Монетарниот агрегат М2 го сочинуваат монетарниот агрегат М1 и краткорочните депозити, а монетарниот агрегат М4 е составен од монетарниот агрегат М2 и долгорочните депозити.

[3] Депозитите вклучуваат и пресметана камата.

[4] Во девизните кредити и депозити се вклучени денарските кредити и депозити со валутна клаузула.

изнесува 4,17% и е намалена за 0,05 п.п. во однос на претходниот квартал.

Каматната стапка на денарските депозити во К-4-2025 изнесува 2,71% и се намали за 0,01 п.п. во споредба со претходниот квартал, а каматната стапка на девизните депозити изнесува 1,66% и е намалена за 0,01 п.п. на претходниот квартал.

Каматната стапка на новоодобрените денарски кредити во К-4-2025 изнесува 4,59%, а на новоодобрените девизни кредити 3,78%. Каматните стапки на новопримените денарски и девизни депозити изнесуваат 2,56% и 1,93%, соодветно.

Графикон 4.3. Каматни стапки (КС) на депозитни банки




Извор: Народна банка на Република Северна Македонија

# 5. Надворешен сектор

## 5.1. Надворешнотрговска размена

Според податоците на Државниот завод за статистика, вкупната надворешнотрговска размена со странство во К-4-2025 изнесува 5.059,8 милиони евра и бележи раст од 5,9% во однос на истиот квартал во 2024 година.

Графикон 5.1. Извоз и увоз на стоки
*(во милиони евра)*




**Извозот на стоки** во К-4-2025 изнесува 2.029,5 милиони евра и во однос на К-4-2024 бележи раст од 5,7%, додека во однос на претходниот квартал регистриран е раст од 4,9%.

Анализирано **по сектори** на СМТК (Стандардна меѓународна трговска класификација), зголемување на извозот во К-4-2025 во однос на истиот квартал во 2024 година се забележува кај следните сектори:

- хемиски производи за 8,8% (во чии рамки најголем раст забележа категоријата неоргански хемиски производи за 46,9 милиони евра или повеќекратно се зголемени);
- машини и транспортни уреди за 8,5% (електрични машини, апарати и делови за 33,5 милиони евра или 8,7%; друмски возила за 13,2 милиони евра или 14,5%);
- пијалаци и тутун за 43,4% (тутун и производи од тутун за 17,9 милиони евра или 109,0%);

- разни готови производи за 0,3% (мебел и негови делови за 8,5 милиони евра или 8,0%);
- производи класирани по материјалот за 2,6% (изработки од метал за 6,7 милиони евра или 25,4%) и
- животински и растителни масла за 11,2% (цврсти растителни масла и масти, сирови, рафинирани или фракциони за 0,5 милиони евра или 9,1%).

Намалување на извозот се забележува кај следните сектори:

- минерални горива и мазива за 12,9% (во чии рамки најголем пад забележа категоријата електрична енергија за 11,4 милиони евра или 21,0%);
- производи за храна за 4,4% (овошје и зеленчук за 7,7 милиони евра или 10,8%) и
- суровини освен гориво за 0,6% (метална руда и отпадоци од метал за 1,8 милиони евра или 2,6%).

Гледано **по економска намена**, во К-4-2025 раст на извозот е забележан кај следните групи производи:

- индустриски набавки за 72,8 милиона евра или 8,3%;
- производи за инвестиции без транспортна опрема за 32,8 милиони евра или 12,7% и
- транспортна опрема за 19,2 милиони евра или 6,4%.

Намалување на извозот е забележано кај следните групи на производи:

- горива и мазива за 9,6 милиони евра или 13,8%;
- храна и пијалаци од 4,7 милиони евра или 2,6% и
- стоки за широка потрошувачка за 4,2 милиони евра или 1,8%.

**Увозот на стоки** во К-4-2025 изнесува 3.030,3 милиони евра и е зголемен за 6,1% во однос на К-4-2024, додека во однос на претходниот квартал бележи раст од 7,1%.

Анализирано **по сектори** на СМТК, зголемување на увозот во К-4-2025 во однос на К-4-2024 се забележува кај следните сектори:

- производи класирани по материјалот за 18,7% (во чии рамки најголем раст забележа категоријата обоени метали за 162,0 милиони евра или 63,0%);
- машини и транспортни уреди за 2,1% (друмски возила за 23,3 милиони евра или 15,5%; канцелариски машини за 19,0 милиони евра или 82,6%);
- разни готови производи за 2,7% (обувки за 14,6 милиони евра или 134,4%);
- хемиски производи за 8,1% (медицински и фармацевтски производи за 10,9 милиони евра или 15,2%; неоргански хемиски производи за 7,2 милиони евра или 13,2%);
- пијалаци и тутун за 13,7% (тутун и производи од тутун за 6,1 милиони евра или 51,5%);
- производи за храна за 4,7% (месо и преработки од месо за 5,3 милиони евра или 8,4%; млечни производи и јајца за 4,4 милиони евра или 17,8%) и
- животински и растителни масла за 5,2% (цврсти растителни масла и

масти, сирови, рафинирани или фракциони за 0,7 милиони евра или 3,6%).

Негативно придвижување кај увозот се забележува кај следните сектори:

- минерални горива и мазива за 11,6% (во чии рамки најголем пад забележаа категориите: електрична енергија за 27,6 милиони евра или 30,9%; нафта и производи од нафта за 9,6 милиони евра или 5,2%) и
- суровини освен гориво за 10,0% (метална руда и отпадоци од метал за 7,7 милиони евра или 32,1%).

Гледано **по економска намена**, во К-4-2025 раст на увозот е забележан кај следните групи производи:

- стоки за индустриски набавки за 164,6 милиони евра или 14,2%;
- транспортна опрема за 37,9 милиони евра или 20,0%;
- стоките за широка потрошувачка за 22,2 милиони евра или 6,9% и
- храна и пијалаци за 14,7 милиони евра или 4,5%.

Намалување на увозот е забележано кај следните групи на производи:

- горива и мазива за 37,0 милиони евра или 11,0%;
- производи за инвестиции без транспортна опрема за 26,4 милиони евра или 5,1%;

Надворешнотрговската размена на Европската унија (ЕУ 27) во К-4-2025 е зголемена за 0,9% во однос на К-4-2024, со што учеството на размената со оваа интеграција во вкупната надворешнотрговска размена изнесува 57,0% и е намалено за 2,8 п.п. споредено со четвртиот квартал во 2024 година. Притоа, во К-4-2025 извозот на стоки учествува со 74,5%, а увозот на стоки со 45,3%.

Графикон 5.2. Земји со најголемо учество во извозот (лево) и во увозот (десно) во К-4-2025




Извор: Пресметки на Министерството за финансии врз база на податоци од ДЗС

## 5.2. Платен биланс

Според податоците од Народната банка на Република Северна Македонија, во К-4-2025 на **текoвната сметка** на билансот на плаќања е регистриран дефицит од 268,1 милион евра, што претставува 5,5% од кварталниот БДП, наспроти дефицитот од 6,3% од БДП забележан во истиот квартал од 2024 година.

Графикон 5. 3. Салдо на тековна сметка
*(во милиони евра)*




Извор: Народна банка на Република Северна Македонија

Анализирано на годишна основа, дефицитот на тековната сметка во К-4-2025 е намален за 11,7 милиони евра, односно за 4,2%, што целосно се должи на високиот раст на суфицитот на сметката на услуги за 83,9%. Спротивно влијание имаа зголемувањето на дефицитот кај стоките (за 5,8%) и примарниот дохот (за 1,1%), како и намалувањето на суфицитот кај секундарниот доход за 8,3%.

Во К-4-2025 **трговскиот дефицит** на годишно ниво е намален за 51,2 милиони евра, додека во процент од кварталниот БДП е намален за 0,5 п.п. на годишна основа, односно изнесува 19,3%.

Графикон 5. 4. Тековна сметка на платниот биланс
*(салдо, во милиони евра)*




Извор: Народна банка на Република Северна Македонија

Суфицитот на **сметката на услуги** во К-4-2025 изнесува 262,6 милиони евра и во однос на истиот квартал од 2024 година е зголемен за 119,9 милиони евра. **Трговската отвореност** на Република Северна Македонија во К-4-2025 изнесува 122,9% од кварталниот БДП и во однос на К-4-2024 е намалена за 3,3 п.п..

Сметката на **примарен доход** во К-4-2025 забележа дефицит од 200,7 милиони евра и истиот е зголемен за 2,3 милиони евра на годишно ниво.

Суфицитот на сметката на **секундарен доход** во К-4-2025 изнесува 602,3 милиони евра и на годишно ниво е намален за 54,6 милиони евра. Падот се должи на намалувањето кај сите категории трансфери, при што најзначаен е падот на тековните трансфери од 45,0 милион и евра, односно 7,2%

Суфицитот на **капиталната сметка** во К-4-2025 изнесува 1,2 милиони евра, наспроти суфицитот од 10,6 милиони евра остварен во К-4-2024. Влошувањето на салдото на капиталната сметка главно е резултат на понискиот прилив на капитални трансфери.

**Странските директни инвестиции** (СДИ) во земјата во К-4-2025 изнесуваат 269,9 милиони евра и во однос на К-4-2024 се намалени за 81,4 милиони евра. Одливот на СДИ во овој период потекнува и од одливот по основ на должнички инструменти и реинвестирање на добивката на компаниите со странски капитал, но и по основ на сопственички капитал.

Графикон 5. 5. СДИ во земјата




Извор: Народна банка на Република Северна Македонија и пресметки на МФ

**Портфолио инвестициите** во К-4-2025 изнесуваат 129,5 милиони евра и во однос на истиот квартал од претходната година се зголемени за 60,1 милион евра.

**Останатите инвестиции** во К-4-2025 изнесуваат негативни 269,5 милиони евра. Во рамки на категоријата останати инвестиции, сметките на валутите и депозитите, и заемите изнесуваат -182,6 и 47,2 милиони евра, соодветно, додека сметката на трговските кредити и аванси бележи негативно салдо од 156,7 милиони евра.

**Девизните резерви** на крајот на четвртиот квартал од 2025 година изнесуваат 4,9 милијарди евра и во однос на К-4-2024 се намалени за 2,1%. Девизните резерви на крајот на К-4-2025 обезбедуваат 4,8-месечна покриеност на увозот на стоки и услуги од претходниот 12-месечен период.